Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ТРОШКИ ЗА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ ВО ОПШТИНСКИТЕ БУЏЕТИ

## Истражување за исплатите од буџетската ставка 463 Трансферите до невладини организации во 2022 година



Kingdom of the Netherlands

30 YEARS
DIPLOMATIC RELATIONS
WE SHINE TOGETHER



# ТРОШКИ ЗА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ ВО ОПШТИНСКИТЕ БУЏЕТИ

Истражување за исплатите од буџетската ставка 463
Трансферите до невладини организации во 2022 година

# ТРОШКИ ЗА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ ВО ОПШТИНСКИТЕ БУЏЕТИ

Истражување за исплатите од буџетската ставка 463: Трансферите до невладини организации во 2022 година

Електронско издание:
(Трошки за здруженијата на граѓани во општинските буџети – Истражување за исплатите од буџетската ствка 463: Трансферите до невладини организации во 2022 година)

Издавач:
Центар за граѓански комуникации

Лектура:
Татјана Б. Ефтимоска

Графички дизајн:
Релатив

октомври 2023 година


Kingdom of the Netherlands


Истражувањето е изготвено во рамките на проектот „Заштита од корупција" со финансиска помош од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје, имплементиран од Центарот за граѓански комуникации, во периодот од 1 ноември 2021 година до 31 октомври 2024 година.





# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| 6 | Клучни наоди |
| 8 | Цел на истражувањето |
| 10 | Истражување за исплатите од буџетската ставка 463: Трансферите до невладини организации во 2022 година |
| 22 | Планирани средства за буџетската линија 463 за 2023 година |
| 23 | Истражување на ниво на општините |
| 36 | Препораки |

# КЛУЧНИ НАОДИ

- Здруженијата на граѓани и фондации не ја добиваат потребната финансиска поддршка од општинските буџети. Во просек, општините во 2022 година доделиле за здруженијата на граѓани само 0,1 % од своите буџети.

- Над 90 % од парите од буџетската ставка 463, наречена Трансфери до невладини организации, се доделени на спортските клубови. Миленици на локалните власти се професионалните спортски клубови, кои во одредени општини добивале и по 1 милион евра годишно.

- Со исплатите на средства кон професионалните спортски клубови преку буџетската ставка 463 – Трансфери до невладини организации се создава искривена слика дека поддршката на здруженијата на граѓани на локално ниво е поголема од реалното.

- Просечната вредност на доделените средства за здруженија на граѓани изнесува скромни 75 илјади денари (1.227 евра), а за спортските клубови, просечно по 488 илјади денари (7.930 евра).

- Најголем дел од парите што се доделени исклучиво на здруженија на граѓани и фондации се за проекти од областа на социјалната заштита, по што следат проекти од областа од културата и на животната средина. Речиси и да нема проекти од областа на доброто владеење, со што се оневозможува здруженијата на граѓани да дадат придонес во борбата против корупцијата и кон зголемување на транспарентноста и отчетноста на локалните власти.

- Истражувањето го потврдува различниот пристап на општините при доделувањето средства на здруженијата на граѓани. Ваквата состојба генерира ризик од корупција.

- Јавните повици за доделување финансиска поддршка за здруженијата на граѓани се објавуваат на веб-страниците на општините, но најчесто во нив не се наведени целите на повикот, висината на грантовите, ниту критериумите за избор на предлог-проектите. Во повиците најчесто се дадени општите области за кои се доделуваат средства и условите што треба да ги исполнат здруженијата на граѓани. На овој начин се отвора можност за нееднаков третман на здруженијата на граѓани и фаворизирање на одредени здруженија на граѓани.

- Повиците за доделување финансиска поддршка на спортските клубови кај повеќето општини содржат само информации кој може да аплицира, но не ги содржат и целите на поддршката или критериумите за изборот. На овој начин се зголемуваат можностите за субјективни влијанија.

- Речиси е исклучок, а не правило, повиците за доделување финансиска помош да не се поврзуваат со конкретни програми и стратегии на општините.

- Евидентиран е дури и случај на општина која објавила јавен повик за доделување средства, донела одлука за избор на проекти, но исплатата на средствата никогаш не ја реализирала.

- Листата на организации кои добиле поддршка од општините, износот на добиените средства и нивната намена не се јавни кај поголем дел од општините. Ваквата нетранспарентност ги зголемува ризиците од корупција.

- За ниското ниво на отчетност на општините во однос на начинот на којшто се доделуваат средствата на здруженијата на граѓани и на спортските клубови говори и податокот дека, кај повеќето општини, дури и во листите за доделените грантови (добиени преку барања за слободен пристап до информации од јавен карактер) недостасуваат називите на проектите што се финансирани. Отсуството на отчетност создава можност за незаконско и ненаменско трошење на доделените пари и за нарушување на угледот на сите добитници на финансиската поддршка, односно на сите здруженија на граѓани и спортски клубови.

- Доминантен дел од општините не бараат од примателите на средствата извештаи за реализацијата на проектите. Следствено на тоа, отсуствува и јавно објавување на извештаите за реализација на проектите финансирани од буџетската линија 463. На овој начин се отвора простор за злоупотреби и се оневозможува увид во начинот на трошење на буџетските средства, што води и кон сомневање во оправданоста на буџетските расходи.



# ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на ова истражување е да ги мапира карактеристиките на процесот на финансирање на невладините организации од буџетската линија 463, да се утврди нивото на транспарентност и отчетност на општините, да се согледаат проблемите и слабостите во процесот, како и да се дефинираат препораки за подобрување на веќе востановените практики.

Водени од идејата дека застапувањето за потранспарентна и поефикасна поддршка на невладините организации од страна на општините ќе биде поефикасно доколку се базира врз детален приказ на актуелната состојба, ја втемеливме оваа анализа врз обработка на податоците за сите средства доделени од страна на единиците на локалната самоуправа за финансирање на невладини организации и за начинот на којшто е спроведен процесот во 8 општини, во секоја општина поединечно (Битола, Кичево, Куманово, Неготино, Струмица, Тетово, Чаир и Штип), чии средства доделени од буџетската ставка 463 изнесуваат третина од вкупно доделените средства од страна на сите ЕЛС во земјата.

Финансиската поддршка од општините за здруженијата на граѓани на локално ниво е особено значајна и нивното опстојување и делување во голем дел зависат токму од овие средства. Предмет на ова истражување се вредноста и начинот на дистрибуција на средствата од буџетската ставка. Неретко, дел од овие локални организации, и покрај јасните визија и мисија, згаснуваат поради несоодветното доделување на средствата на здруженија чиешто дејствување не може да се оцени дека е од поширок интерес на граѓаните.

Методологијата на истражувањето произлезе од поставените цели. За обезбедување на потребните податоци, на 20 февруари 2023 година, до 8 општини беа доставени унифицирани барања за пристап до информации од јавен карактер за информации за финансиските средства доделени на НВО за 2023 година (трансфери до невладини организации од буџетска линија 463), со барање за доставување на следните документи:

- Износите на средствата предвидени за буџетската линија 463, расчленети по шестцифрени конта, во иницијалниот Буџет за 2022 година, и износите на реализираните средства за 2022 година расчленети по шестцифрени конта;
- Список на организации добитници на финансиска поддршка од буџетската линија 463 за 2022 година, со имињата на проектите за кои е доделена финансиската поддршка, како и поединечниот износ што им е доделен;
- Објавениот повик за доставување апликации и информација каде е објавен;

- Документот во којшто се објаснува процедурата, критериумите и начинот на избор на организациите на кои им се доделени средства и информација каде е објавен;
- Одлуката за распределба на финансиските средства од буџетската линија 463 за 2022 година;
- Документот со правилата за реализација на доделените средства – обврската за доставување извештаи за реализацијата (наративни и финансиски);
- Линкови до веб-страницата или друго место каде што се објавени имињата на организациите кои добиле средства и паричниот износ што им е доделен за 2022 година;
- Документи или електронски линк каде што се дава отчет за реализираните проекти од страна на организациите со доделените средства од општината;
- Планирани средства за буџетската линија 463, расчленети по шестцифрени конта во Буџетот за 2023 година.

Врз основа на добиените информации, за чија точност одговорноста им припаѓа на самите општини, покрај оваа анализа на начинот на доделување на средствата од буџетската ставка 463, изработена е и база на отворени податоци со приказ за доделените финансиски средства од страна на осумте општини во Република Северна Македонија за 2022 година (имиња на НВО, називот на проектот и доделениот износ на финансиска поддршка).

Во рамките на ова истражување, дадени се и препораки за подобрувањето на начинот на финансирање на невладините организации и за зголемување на транспарентноста и отчетноста во процесот.

Ова истражување на Центарот за граѓански комуникации е реализирано во рамките на проектот „Заштита од корупција“,финансиран од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје.

# ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ИСПЛАТИТЕ ОД БУЏЕТСКАТА СТАВКА 463 – ТРАНСФЕРИТЕ ДО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2022 ГОДИНА

**Тргнувајќи од стојалиштето дека невладините организации имаат значајна улога за локалниот развој и дека од нивната активност во голема мера зависи успешноста да се артикулираат интересите на граѓаните во сите сегменти на општественото живеење, предмет на ова истражување е обемот на финансиска поддршка која невладините организации ја добиваат од единиците на локалната самоуправа, како и транспарентноста и законитоста на целиот тој процес.**

Истражувањето се фокусираше врз расходите од буџетската линија 463 – „Трансфери до невладини организации“ и не ги вклучува исплатите на општините кон НВО кои се направени врз основа на склучени договори за соработка како резултат на пренесени надлежности на општината кон други правни лица (непрофитни или профитни) во областите како што се образованието, културата, социјалната заштита итн.

Буџетска линија 463, наречена „Трансфери до невладини организации“, ги опфаќа следните ставки:

- **463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации**
- **463120 Трансфери до спортски клубови**
- **463130 Трансфери до Македонскиот олимписки комитет**
- **463140 Трансфери до организации кои се грижат за постари лица и хендикепирани лица**
- **463150 Трансфери до месни заедници**
- **463160 Трансфери до хуманитарни организации**
- **463170 Трансфери до политички партии**
- **463190 Останати трансфери до невладини организации.**

Речиси сите општини, кога ги објавуваат направените расходи во завршните сметки на буџетите, објавуваат колку вкупно исплатиле за трансфери до невладини организации, и не се дадени износите на поделните потставки. На овој начин се оневозможува јасен увид колку од парите се доделени за финансирање на активности на здруженија на граѓани и фондации, а колку на

спортски клубови, месни заедници итн. За градење силно и независно граѓанско општество, од клучно значење е дали е поддршката овозможена во транспарентна постапка или, пак, се остава простор за фаворизирање активности кои, наместо јавниот интерес, ги штитат тесните партиски интерси на локалните власти.

**Во 2022 година, од 81 единица на локална самоуправа, 74 имале исплати од буџетската ставка 463 – Трансфери до невладини организации. Вкупниот износ што го исплатиле од оваа буџетска ставка изнесува 406 милиони денари, односно 6,6 милиони евра. Општините за оваа намена имале годишни расходи од 1,2 милиони евра до само 488 евра. Во завршните сметки на општините не е даден приказ (шестцифрени конта) колку од овие пари се доделени на здржениja на граѓани, а колку на спортски клубови.**

Над 90 % од општините во 2022 година имале расходи од буџетската ставка 463 – Трансфери до невладини организации, и тоа во износ од 74 милиони денари (1,2 милиони евра) до 30 илјади денари (488 евра).

Притоа, вкупниот износ што 74 единици на локалната самоуправа ги исплатиле од буџетската линија 463 – Трансфери до невладини организации во 2022 година изнесува 406 милиони денари, односно 6,6 милиони евра, што е 1,02 % од вкупните буџети на единиците на локалната самоуправа.

На врвот според вредноста на потрошени пари за трансфери до невладини организации е Општина Битола, која од оваа буџетска ставка исплатила износ од 74 милиони денари (1,2 милиони евра), што претставува 18,2 % од вкупните исплати од буџетската ставка 463 на сите единици на локалната самоуправа.

Десетте општини кои ги имаат највисоките исплати од буџетската ставка 463 за 2022 година исплатиле 73,8 % од вкупните средства исплатени од оваа ставка во Република Северна Македонија.

Десет општини со највисоки исплати од буџетската ставка 463

| Општина | Реализирани средства 463 во 2022 год. во денари | Реализирани средства 463 во 2022 год. во евра |
|---|---|---|
| Битола | 74.137.943 | 1.205.495 |
| Град Скопје | 55.526.065 | 902.863 |
| Аеродром | 38.650.000 | 628.455 |
| Охрид | 28.186.490 | 458.317 |
| Кавадарци | 26.869.627 | 436.905 |
| Куманово | 20.000.000 | 325.203 |
| Центар | 16.450.000 | 267.480 |
| Штип | 15.284.505 | 248.529 |
| Струмица | 14.126.431 | 229.698 |
| Гази Баба | 10.921.100 | 177.579 |

Што се однесува на уделот на реализираните средства од буџетската ставка 463 во однос на вкупните буџети на општините, Битола е повторно на првото место со речиси 4 %, пред Аеродром, Македонска Каменица и Новаци.

Десет општини со највисок удел на буџетската ставка 463 во вкупниот буџет

| | Општина | Процент на удел на ставката 463 во вкупниот буџет |
|---|---|---|
| 1 | Битола | 3,99 % |
| 2 | Аеродром | 3,45 % |
| 3 | Македонска Каменица | 2,77 % |
| 4 | Новаци | 2,68 % |
| 5 | Кавадарци | 2,48 % |
| 6 | Охрид | 2,42 % |
| 7 | Гевгелија | 2,09 % |
| 8 | Центар | 1,77 % |
| 9 | Штип | 1,61 % |
| 10 | Радовиш | 1,46 % |

Најниски исплати од оваа буџетска ставка имаат општините Зелениково и Зрновци, по 30 илјади денари (488 евра), додека, пак, општините Арачиново, Пласница, Желино, Лозово, Ранковце, Центар Жупа и Чучер Сандево немаат исплати.

Десет општини со најниски исплати од буџетската ставка 463

| Општина | Реализирани средства 463 во 2022 год. во денари | Реализирани средства 463 во 2022 год. во евра |
|---|---|---|
| Брвеница | 175.000 | 2.846 |
| Вевчани | 170.000 | 8.764 |
| Кривогаштани | 151.500 | 2.463 |
| Македонски Брод | 135.000 | 2.195 |
| Старо Нагоричане | 120.000 | 1.951 |
| Јегуновце | 43.500 | 707 |
| Тетово | 40.000 | 650 |
| Пехчево | 35.000 | 569 |
| Зрновци | 30.000 | 488 |
| Зелениково | 30.000 | 488 |

**Длабинското истражување открива дека над 90 % од парите од буџетската ставка 463, наречена Трансфери до невладини организации, се доделени на спортски клубови. Миленици на локалните власти се професионалните спортски клубови, кои во одредени општини добивале и по 1 милион евра годишно. Со тоа што поддршката на здруженијата на граѓани и на спортските клубови се врши од иста буџетска ставка се создава искривена слика дека поддршката на здруженијата на граѓани на локално ниво е поголема од реалното.**

За да може да се навлезе подлабоко во начинот на којшто се доделуваат средствата од буџетската ставка 463 – Трансфери до невладини организации, натамошната анализа е фокусирана врз осум општини, и тоа: Битола, Кичево, Куманово, Неготино, Струмица, Тетово, Чаир и Штип.  За релевантноста на примерокот врз којшто ќе почиваат наодите најдобро говори податокот дека токму преку овие општини е исплатена третина од сите пари од буџетската ставка 463. Имено, според податоците од завршните сметки на осумте општини, тие исплатиле вкупно 135 милиони денари, или 2,2 милиони евра, што значи дека се реализирани 97 % од првично планираните средства во износ од 139 милиони денари (2,2 милиони евра). Сите осум општини имале вкупно 414 трансфери од буџетската линија 463, со кои се поддржани здруженија на граѓани, спортски клубови, општински организации или конкретни манифестации. Како што може да се види од табеларниот приказ, на врвот на листата според вредноста на исплатите од буџетската ставка 463  е Општина Битола, со 74 милиони денари (1,2 милиони евра), а на дното е Општина Тетово, со само 40 илјади денари (650 евра).

Ранг-листа според вредноста на исплатите од буџетската линија 463 во 2022

| Општина | Износ на реализирани средства во денари од завршната сметка | Износ на реализирани средства во денари од добиените одговори |
|---|---|---|
| Битола | 74.137.943 | 73.907.000 |
| Куманово | 20.000.000 | 20.000.000 |
| Штип | 15.284.505 | 15.284.500 |
| Струмица | 14.126.431 | 14.126.431 |
| Неготино | 4.404.500 | 4.404.500 |
| Чаир | 4.143.000 | 4.143.000 |
| Кичево | 2.760.000 | 2.760.000 |
| Тетово | 40.000 | 40.000 |

По уделот на буџетска ставка 463 во однос на севкупниот буџет, Општина Битола е на врвот на листата, со 4 %.

Удел на исплатите од ставката 463 во вкупниот буџет на општините

| | Општина | Удел во проценти |
|---|---|---|
| 1 | Битола | 3,99 % |
| 2 | Штип | 1,61 % |
| 3 | Неготино | 1,18 % |
| 4 | Струмица | 1,16 % |
| 5 | Куманово | 1,08 % |
| 6 | Чаир | 0,49 % |
| 7 | Кичево | 0,34 % |
| 8 | Тетово | 0,003 % |

Анализата на финансиските трансфери до невладините организации по конта покажува дека спортот е убедливо на врвот. Дури 91,2 % од парите од ставката 463120, наменети за трансфери до невладини организации, или вкупно 123 милиони денари, односно 2 милиони евра, биле префрлени на спортски клубови.

На здруженија на граѓани, односно од ставката 463110 (трансфери до здруженија на граѓани и фондации), 8-те општини трансферирале 10,7 милиони денари, односно 173 илјади евра, или само 8,1 %. На хуманитарни организации од ставката 463160 (трансфери до хуманитарни организации), од овие осум општини единствено Општина Струмица префрлила 265 илјади денари (4,3 лијади евра) и преку ставката 463190 – (останати трансфери до невладини организации) трансферирани се вкупно 675 илјади денари (11 илјади евра) од Општина Струмица и Општина Чаир.

Висина на исплатени средства од буџетската ставка 463 –
Трансфери до невладини организации на осумте општини

| Конто | Исплатени средства (денари)* | Исплатени средства (евра) |
|---|---|---|
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 10.660.981 | 173.349 |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | 123.144.500 | 2.002.350 |
| 463160 Трансфери до хуманитарни организации | 265.000 | 4.309 |
| 463190 Останати трансфери до невладини организации | 674.950 | 10.975 |

*извор на податоци – одговори на барањата за пристап до информации од јавен карактер

Како што може да се види од графичкиот приказ, уделот на спортските клубови изнесува 91,2 %, на здруженијата на граѓани 8,1 %, на трансфери до хуманитарни организации само 0,2 % и на останати трансфери 0,5 %.

СТРУКТУРА НА ДОДЕЛЕНИТЕ СРЕДСТВА ОД 463 – ТРАНСФЕРИ ДО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ




**Најголем дел од парите од општинските буџети завршуваат кај професионални клубови кои се натпреваруваат во лигите од највисок ранг во соодветните спортови, додека само мал дел завршува за рекреативниот и училишниот спорт. На врвот, според висината на добиената поддршка, се кошаркарскиот, фудбалскиот и ракометниот клуб Пелистер Битола, кои добиле 1 милион евра во 2022 година.**

Според податоците добиени од општините, средствата во износ од 123 милиони денари или 2 милиони евра се доделени на клубови од различни спортови, кои се натпреваруваат на различни нивоа. Меѓу нив има и клубови кои се регистрирани како акционерски друштва, како ФК Пелистер АД Битола, КК Пелистер АД и ЕК Еурофарм Пелистер АД, други професионални клубови како ФК Брегалница Штип и ФК Академија Пандев.

Помеѓу спортските клубови финансирани од осумте општини кои се предмет на анализата, најмногу средства има добиено КК Пелистер АД – 26,1 милион денари (424 илјади евра), пред ФК Пелистер АД, со 19,4 милиони денари (315 илјади евра), РК Еурофарм Пелистер АД, со 15,8 милиони денари (257 илјади евра) и ПСК Пелистер – 3,8 милиони денари (62 илјади евра) од Општина Битола, ФК Брегалница – 9 милиони денари (146 илјади евра) од Општина Штип, и ФК Академија Пандев – 2,5 милиони денари (41 илјада евра) од Општина Струмица. Оттаму произлегува дека дури повеќе од половина од средствата наменети за финансирање на невладини организации од осумте анализирани општини се потрошени на овие шест спортски клуба.

Општина Куманово има префрлено 18 милиони денари (293 илјади евра), наменети за спортски клубови, на Сојуз на спортови којшто подоцна ги распределувал парите кон поединечни клубови. Според општината, таа не поседува податоци на кои клубови се распределени овие средства, но во анализата беа земени предвид податоците од Програмата за развој на спортот и рекреативни активности на граѓаните во Општина Куманово за 2022 година.

Општина Битола ги има направено трите највисоки исплати кон спортски клубови помеѓу осумте општини кои се предмет на истражувањето.

Спортски клубови со највисоки исплати од ставката 463120

| | Општина | Клуб | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1 | Битола | КК Пелистер АД | 26.100.000 |
| 2 | Битола | ФК Пелистер Битола АД | 19.350.000 |
| 3 | Битола | РК Еурофарм Пелистер АД | 15.800.000 |
| 4 | Штип | ФК Брегалница | 9.000.000 |
| 5 | Куманово | ДСД КК Куманово 2009 | 5.000.000 |
| 6 | Битола | ПСК Пелистер | 3.800.000 |
| 7 | Струмица | ФК Академија Пандев | 2.500.000 |
| 8 | Неготино | РК Вардар Неготино | 2.000.000 |
| 9 | Куманово | Училиштен спорт | 1.700.000 |
| 10 | Куманово | Општински сојуз на спортови Куманово – програмски основи | 1.550.000 |
| 11 | Куманово | ЖРК Куманово | 1.500.000 |
| 12 | Струмица | ФК Беласица | 1.500.000 |
| 13 | Куманово | Поддршка во обезбедување превоз, сместување, исхрана, спортски терени и објекти за одржување тренажен процес и првенствени натпревари на спортските клубови и сојузи | 1.400.000 |
| 14 | Струмица | ОК Струмица 47 72 | 1.300.000 |
| 15 | Чаир | КК Чаир 2030 | 1.200.000 |

Гледано на ниво на здруженија на граѓани, финансиската поддршка е неколкукратно помала. Како што може да се види од следниот табеларен приказ, на врвот според вредноста е поддршката доделена од Општина Куманово за Здружението Регионален центар за лица со интелектуална попреченост „Порака-Наша“, во вредност од 1,2 милиони денари (19,5 илјади евра). Следна според висината е поддршката на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство – „Глас против насилство“, доделена од страна на Општина Битола, во износ од 1 милион денари (16 илјади евра).

Здруженија на граѓани со највисоки исплати од ставката 463110

| | Општина | Организација | Проект | Област | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Куманово | Здружение Регионален центар за лица со интелектуална попреченост „Порака Наша“ | За функционирање на организацијата | Социјална заштита | 1.200.000 |
| 2 | Битола | Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство – „Глас против насилство“ | За функционирање на организацијата | Социјална заштита | 1.000.000 |
| 3 | Куманово | Здружение за промоција и развој на инклузивно општество Инклузива | За функционирање на организацијата | Социјална заштита | 800.000 |
| 4 | Штип | Хуманитарно здружение „Подај рака, спаси живот“ | Чувари на животната средина | Животна средина | 299.955 |
| 5 | Штип | Здружението за хуманитарни активности „Синергија“ Штип | Младите преку стартап бизнисот, креатори на локалниот економски развој | Млади | 299.250 |
| 6 | Штип | Ловно здружение Ловец | Децата економски и туристички промотери на општината и чувари на екосистемот | Млади | 299.250 |
| 7 | Струмица | ЗГ Планинарско еколошко друштво Еделвајс | Физибилити студија за енергетска самоодржливост на станици за отпадни води | Животна средина | 237.500 |
| 8 | Струмица | Здружение за култура и развој на креативни индустрии Култ-Транзен | Филмофили | Култура | 237.500 |
| 9 | Струмица | ЗГ за социјализација „Срećни приказни“ | Струмица Еко графити | Култура | 237.500 |
| 10 | Струмица | Ромско-турско здружение Хајат – НВО | Вашите соништа сега се реални – Млади идеи нови проекти | Млади | 237.500 |
| 11 | Струмица | ЗГ Порака Здружението ЦПЛИП Порака – Струмица | Лицата со попреченост еднакви учесници во сообраќајот | Социјална заштита | 237.500 |
| 12 | Струмица | ЗГ КВО Вадис АД Астра | Патуваме низ Италија | Останато | 237.309 |
| 13 | Струмица | Здружение за развој и едукација на лицата со пречки во развојот „Еднаквост“ | Еднаквост за сите | Социјална заштита | 236.075 |
| 14 | Струмица | Здружение за унапредување и развој на земјоделието „Проагро фармери“ | Убавините на селото | Локален економски развој | 235.932 |
| 15 | Струмица | Здружение за развој земјоделието „Фармер“ | Рурал стартап | Локален економски развој | 228.000 |

Најголем дел од парите во буџетската ставка 463110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации, и тоа 43 %, се доделени за проекти од областа на социјалната заштита, во износ од 4,6 милиони денари, односно околу 75 илјади евра. На второ место, со удел од 17 %, се проектите од областа на културата, за кои се доделени вкупно 1,8 милиони денари, односно околу 30 илјади евра. На трето место е животната средина, со удел од 13 % и вредност од 22 илјади евра. Преостанатите пари се за проекти наменети за локалниот економски развој, за млади, за финансирање разни манифестации или, пак, од самиот опис на проектот не може да се заклучи областа на делување. Речиси и да нема проекти од областа на доброто владеење, со што се оневозможува здруженијата на граѓани да дадат придонес во борбата против корупцијата и кон зголемување на транспарентноста и отчетноста на локалните власти.

**Дури 70 % од доделените грантови за здруженијата на граѓани се во вредност до 60 илјади денари (976 евра). Просечната вредност на доделените средства за здруженија на граѓани изнесува 75 илјади денари (1.227 евра), а за спортските клубови, просечно по 488 илјади денари (7.930 евра). Притоа, финансиската поддршка за здруженијата на граѓани се движи од скромни 5 илјади денари (81 евро) до 1,2 милиони денари (19,5 илјади евра).**

Според базата на податоци, општините поддржале 257 спортски клуба и 157 невладини организации. Може да се дојде до заклучок дека просечната исплата кон спортските клубови изнесува 487.702 денари, или 7.930 евра, додека, пак, просечната исплата кон здруженијата на граѓани е шесткратно пониска и изнесува 75.500 денари, односно 1.227 евра.

Највисоката исплата кон здружение на граѓани е финансиската поддршка на Општина Куманово кон здружението Регионален центар за лица со интелектуална попреченост „Порака-Наша“, во износ од 1,2 милиони денари, што е 18 пати помалку од највисоката исплата кон спортските клубови, која ја добил КК Пелистер АД, во износ од 26,1 милиони денари.

Во следниот табеларен приказ се дадени највисоките и најниските исплати на ниво на сите осум општини. Произлегува дека е непишано правило највисоките исплати да се извршуваат кон спортските клубови, а најмалите кон здруженија на граѓани.

Произлегува дека дури 70 % од доделените грантови за здруженијата на граѓани се во вредносна рамка од 5 илјади до 60 илјади денари.

Соодност на највисоката и најниската исплата по општина

| Општина | Највисока исплата | Износ во денари | Најниска исплата | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| Битола | КК Пелистер АД | 26.100.000 | 5 организации | 5.000 |
| Кичево | 4 спортски клубови | 300.000 | 4 спортски клубови | 20.000 |
| Куманово | ДСД КК Куманово 2009 | 5.000.000 | 7 спортски клубови | 20.000 |
| Неготино | РК Вардар Неготино | 2.000.000 | 2 организации | 10.000 |
| Струмица | ФК Академија Пандев | 2.500.000 | 2 спортски клубови | 30.000 |
| Тетово | ЗГ Шарр | 40.000 | ЗГ Шарр | 40.000 |
| Штип | ФК Брегалница | 9.000.000 | 2 организации | 5.000 |
| Чаир | КК Чаир 2030 | 1.200.000 | КУД Љиљан | 15.000 |

**Јавните повици за доделување на средствата се објавуваат, но најчесто само формално, бидејќи во нив не се наведени целите на повикот, очекуваните резултати, висината на грантовите, ниту критериумите за избор на предлог-проектите. Во повиците најчесто се дадени областите за кои се доделуваат средства и условите што треба да ги исполнат здруженијата на граѓани.**

Со цел да се утврди нивото на транспарентност и отчетност на општините во доделувањето на средствата од буџетската линија 463, од општините беа побарани документи за објавениот јавен повик за доделување средства; за процедурата, критериумите за евалуација и начинот на избор на добитниците на средства; за донесената одлука за распределба на финансиските средства; правилата за реализација на добиената поддршка (обврска за доставување извештаи за реализацијата – наративни и финансиски); за јавното објавување на имињата на НВО и за паричниот износ што им е доделен и документи или електронски линк за извештај/и за реализираните проекти. Врз основа на добиената документација, изготвен е приказ на нивото на транспарентност на општините во однос на сите фази од финансирањето од буџетската линија 463.

Прегледот на овие процедури, во понатамошниот дел од анализата, е направен токму по хронолошкиот редослед на процедурите, почнувајќи од јавниот повик, сѐ до тоа дали граѓанските здруженија имаат обврска за извештаи за сработеното.

Охрабрувачки е што сите осум општини кои се предмет на истражувањето објавиле повик за аплицирање за проекти, но повиците не ги содржат сите податоци што се од интерес на потенцијалните апликанти и што нудат целосна транспарентност на процесот на аплицирање и на доделувањето на средствата.

Во повиците најчесто се дадени областите за кои се доделуваат средства и условите што треба да ги исполнат здруженијата на граѓани, но недостасуваат целите на повикот, очекуваните резултати, висината на грантовите, а кај некои и критериумите за избор на предлог-проектите.

Во само два од вкупно објавените 15 повици за доделување средства од буџетската ставка 463 биле наведени целите на повикот, а во сите останати се дадени само областите.

Во ниту еден од повиците за доставување предлог-проекти за финансирање не беа наведени очекуваните резултати што треба да се постигнат со поддршката.

Во само една третина, пак, од повиците е наведен вкупниот износ на средствата што ќе се доделат или висината на грантовите.

Воедно, во само една третина од повиците за доделување средства се наведени критериумите за избор на предлог-проектите.

Шест од осумте општини имаат предвидено процедури и критериуми за избор на организации и проекти за доделување на средства од буџетската ставка 463. Критериумите најчесто се дел од посебни методологии или правилници и тие најчесто не се објавени во самиот повик.

Критериумите врз основа на кои се врши изборот и кои се предвидени во методологиите и правилниците на општините се однесуваат на организацискиот капацитет, на целите, резултатите и активностите на проектот, на ефектите на локалната средина, на предвидениот буџет и на оправданоста на трошоците. Една од општините формира и комисија, која излегува на терен со цел извршување увид.

Останатите две општини на ова прашање одговориле негативно или, во документацијата добиена од нив по барањето за пристап до информации од јавен карактер, не вклучиле документ во којшто постојат критериуми врз основа на коишто се врши селекција на организациите што ќе бидат поддржани.

**Листата на организации кои добиле поддршка од општините, износот на добиените средства и нивната намена не се јавни кај поголем дел од општините кои имале трансфери од буџетската линија 463. Ваквата нетранспарентност ги зголемува ризиците од корупција и ненаменско трошење.**

Осумте општини добро стојат во однос на правната процедура за доделувањето на финансиските средства, со оглед на тоа што сите поседуваат одлуки за исплатите. Сепак, само две од нив јавно ја објавиле листата со називите на организациите кои добиле поддршка со проектите и исплатените износи. Притоа, и тие објавиле нецелосни листи, односно дадени се имињата и висината на поддршката на здруженијата на граѓани, но не се објавени јавно спортските клубови кои се финансиски поддржани. За отсуството на отчетност на општините во однос на начинот на којшто се доделуваат средствата од буџетската ставка Трансфери до невладини организации најдобро говори податокот дека дури и во листите за доделените грантови добиени преку барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, недоставуваат називи на проектите што се финансирани.

**Доминантен дел од општините не бараат од примателите на средствата извештаи за реализацијата на проектите. Следствено на тоа, отсуствува и јавно објавување извештаи за реализација на проектите финансирани од буџетската линија 463. На овој начин се оневозможува увид во начинот и во целта на трошење на буџетските средства, се отвора простор за злоупотреби и растат сомневањата во оправданоста на буџетските расходи.**

Еден од најважните инструменти за следење на тоа дали парите на граѓаните се трошат наменски и дали на крајот имало резултати од активностите преземени во одредена област се извештаите на примателите на средствата, како финансиските така и наративните.

Според добиените одговори на општините, ниту една општина не бара од спортските клубови да доставуваат извештаи за реализација на проектите (наративни и финансиски), додека, пак, од здруженијата на граѓани таа обврска е воочена кај само половина од општините.

Дополнителен ризик од ненаменско и незаконско трошење на доделените средства произлегува и од отсуството на пракса самите општини да информираат за резултатите остварени со финансисираните проекти, како и за начинот на којшто се потрошени овие пари.

Ваквото постапување на општините создава негативна слика за здруженијата на граѓани и не придонесува кон јакнење на довербата на граѓаните во нив.

# ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА БУЏЕТСКАТА ЛИНИЈА 463 ЗА 2023 ГОДИНА

Осумте општини во 2023 година го намалиле износот предвиден за трансфер до невладините организации за 22.554.012 денари (367 илјади евра), односно за 26,6 %. Намалувања направиле општините Битола и Куманово, општините Чаир и Неготино предвиделе идентични износи и за двете години, додека општините Струмица, Штип, Куманово и Кичево го зголемиле износот предвиден за трансфери до невладините организации во 2023 година.

| Општина | Износ на планирани средства во денари (2022) | Износ на планирани средства во денари (2023) | Зголемување/ намалување на планирани средства во 2023 |
|---|---|---|---|
| Битола | 74.268.000 | 41.450.000 | -32.818.000 |
| Куманово | 20.000.000 | 19.500.000 | -500.000 |
| Штип | 15.650.000 | 15.750.000 | +100.000 |
| Струмица | 15.086.012 | 17.850.000 | +2.763.988 |
| Тетово | 1.660.000 | 2.460.000 | +800.000 |
| Кичево | 6.740.000 | 7.840.000 | +1.100.000 |
| Чаир | 2.000.000 | 2.000.000 | 0 |
| Неготино | 500.000 | 500.000 | 0 |

Што се однесува на поединечните конта, повторно најмногу средства се предвидени за ставката 463120, Трансфери до спортски клубови.

Предвидени средства за буџетска ставка 463 по шестцифрени конта

| Општина | 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 463120 Трансфери до спортски клубови | 463160 Трансфери до хуманитарни организации | 463190 Останати трансфери до невладини организации |
|---|---|---|---|---|
| Битола | 1.850.000 | 39.600.000 | 0 | 0 |
| Кичево | 3.480.000 | 4.000.000 | 0 | 360.000 |
| Куманово | 3.000.000 | 16.500.000 | 0 | 0 |
| Неготино | 380.000 | / | 20.000 | 100.000 |
| Струмица | 3.000.000 | 12.250.000 | 300.000 | 2.300.000 |
| Тетово | 2.000.000 | 150.000 | 120.000 | 190.000 |
| Штип | 2.150.000 | 13.600.000 | 0 | 0 |
| Чаир | 1.300.000 | 300.000 | 200.000 | 200.000 |
| Вкупно | 17.160.000 | 86.400.000 | 640.000 | 3.150.000 |

Подетални прикази на планираните средства од буџетската ставка 463 за 2023 година се дадени во поединечните истражувања за општините.

# ИСТРАЖУВАЊЕ НА НИВО НА ОПШТИНИТЕ

## ОПШТИНА БИТОЛА

Општина Битола е на врвот на листата по исплатени средства од буџетската ставка 463 за 2022 година, со реализирани 74 милиони денари, односно 1,2 милиони евра, што е 4 % од вкупниот буџет на општината за 2022 година.

Исплатени средства од буџетската ставка 463 од Општина Битола во 2022 година

| Конто | Исплатени средства за 2022 година |
|---|---|
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 3.107.000 |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | 70.880.000 |
| Вкупно во денари | 73.907.000 |
| Вкупно во евра | 1.201.740 |

Сепак, најголем дел од исплатените средства, односно 88 % се исплатени на четири професионални спортски клубови, и тоа 26,1 милиони денари (424 илјади евра) на КК Пелистер АД, 19,5 милиони денари (315 илјади евра) на ФК Пелистер АД, 15,8 милиони денари (257 илјади евра) на РК Еурофарм и 3,8 милиони евра (62 илјади евра) на ПСК Пелистер. Што се однесува на здруженијата на граѓани, најголема поддршка има добиено организацијата Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, за активности во рамки на проектот „Глас против насилство", во висина од 1 милион денари (16 илјади евра).

Што се однесува на постапката за доделување на средствата, Општина Битола распишала четири повици кои се однесуваат на поддршка на проекти за социјална заштита, за еднакви можности, на спортски здруженија и финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации.

Сите повици се објавени на веб-страницата на општината, како и на огласната табла на општината.

**Анализата на објавените повици покажува неконзистентност помеѓу нив.** Во повикот за доделување финансиски средства на здруженија на граѓани и фондации е наведен вкупниот буџет што ќе биде распределен во рамките на повикот, критериумите за аплицирање, критериумите врз основа на кои ќе се врши проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите, временската рамка за спроведување на проектите, висината на финансиските средства за поединечен проект и потребната документација за пријавување.

Структурата на повиците за поддршка на проекти од областа на социјалната заштита и на еднакви можности е слична, но во нив не е наведен вкупниот буџет, ниту, пак, висината на финансиските средства за поединечен проект.

Во овие три повици е наведено дека начинот на користење на финансиските средства ќе биде дополнително специфициран во склучените договори.

**Повикот за доделување финансиски средства на спортски клубови, спортски здруженија и спортисти ги содржи условите и потребната документација за пријавување, висината на предвидениот буџет и обврската за извештај, но не и критериумите врз основа на кои ќе се изврши изборот, ниту, пак, висината на финансиските средства со кои ќе бидат поддржани поединечните апликации.**

Сите повици, освен оној за поддршка на спортот, содржат конкретни критериуми врз основа на кои се врши евалуацијата на предлог-проектите.

Критериумите врз основа на кои се врши проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите се организацискиот капацитет во однос на профилот, капацитетот и релевантното искуство од областа и општествената одговорност, целите, резултатите и активностите на проектот, ефектите врз локалната средина, буџетот и оправданоста на трошоците.

Општината има изготвено Методологија за определување критериуми за доделување финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации, која е објавена во службен гласник и на веб-страницата на општината.

Со методологијата, општината ги определува приоритетните области за поддршка, постапката при одлучувањето, техничката подготовка, индикативната временска рамка, критериумите за аплицирање, критериумите за проценка на квалитетот на апликациите кои се наведени и, во три од четирите повици, како и критериумите за имплементација на поддржаните проекти и набљудувањето на имплементацијата.

**Општина Битола ги достави одлуките со кои се доделуваат финансиските средства, но листата на добитниците не се објавува јавно.**

Што се однесува на известувањето за исплатените средства, општината вели дека постои обврска за поднесување извештаи, но добитниците на поддршката се обврзани нив да ги доставаат при аплицирањето следната година, **што остава простор извештаите да не бидат поднесени доколку некоја организација не аплицира за поддршка следната година.**

Општина Битола значително ги намалила планираните средства за трансфери до невладините организации во 2023 година во однос на претходната. Во 2023 година, од својот буџет Општината ќе извои 32,8 милиони денари (533 илјади евра) помалку, што е за 44 % намалување во однос на претходната година. Општината приближно ги преполовила средствата за трансфери и кон здруженијата и кон спортските клубови.

Проекции на буџетската ставка 463 од Општина Битола во 2023 година

| Конто | Планирани средства за 2023 година | Промена во однос на 2022 година |
|---|---|---|
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 1.850.000 | -40,46 % |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | 39.600.000 | -44,14 % |
| Вкупно во денари | 41.450.000 | -43,92 % |
| Вкупно во евра | 673.984 | -43,92 % |

# ОПШТИНА КИЧЕВО

Општина Кичево од буџетската ставка 463 за 2022 година исплатила вкупно околу 2,8 милиони денари, односно 45 илјади евра. Исплатените средства се значително под планираните, кои биле на ниво од 6,7 милиони денари (110 илјади евра).

Исплатени средства од буџетската ставка 463 од Општина Кичево во 2022 година

| Конто | Исплатени средства за 2022 година |
| --- | --- |
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 350.000 |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | 2.410.000 |
| Вкупно во денари | 2.760.000 |
| Вкупно во евра | 44.878 |

Дури 87 % од исплатите на Општина Кичево се направени кон спортски клубови, меѓу кои највисоките се за одбојкарскиот клуб Ускана и фудбалските клубови Зајази и Напредок 1,  и тоа по 300 илјади денари (околу 5 илјади евра).

Освен спортските клубови, финансиска поддршка во 2022 година им е дадена и на здружението „Го-ли", 180 илјади денари, односно околу 3 илјади евра, и на Здружение на млади за заштита на народното и духовното наследство „Козма Пречистански", 140 илјади денари (2,2 илјади евра).

**Општина Кичево има објавено само повик за поддршка на спортски здруженија, но не е објавен оглас за доделување средства за другите програми. Оттука се поставува прашањето како е направен изборот на двете здруженија на граѓани кои ја добиле поддршката од буџетот на општината.  Нетранспарентноста на процесот на доделување средства води кон нееднаков третман на здруженијата на граѓани и субјективизам во доделувањето на јавните пари.**

Инаку, објавениот повик за поддршка на спортски здруженија и екипи ги содржи целите на повикот, вкупниот буџет, висината на грантовите и критериумите за учество, но не и критериумите врз основа на кои ќе се изврши изборот на апликациите што ќе бидат поддржани.

Општината има донесено Предлог-програма за активностите на општината во областа на спортот и рекреацијата во 2022 година, во која како критериуми за избор се наведуваат придонесот на општата цел на проектот кон афирмацијата на спортот,  организациската структура и капацитетот на човечките ресурси и дали просториите со кои располага здружението или клубот се доволни за реализација на проектот.

Во повикот за поддршка на спортски здруженија и екипи стои и дека по завршувањето на активностите, здруженијата и клубовите се должни да достават извештај за начинот на реализација на средствата, а целокупната документација за овој повик се доставува во хартиена верзија на адресата на општината. Во повикот, исто така, стои дека добитниците на средства ќе бидат јавно објавени на веб-страницата на општината, но тие не се објавени, освен во Службениот гласник на општината.

Во одговорот на Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер стои линк до веб-страницата на Општина Кичево и е напоменато дека сите вести и информации се објавуваат на огласната табла на веб-страницата, но по пребарувањето на страницата, **не може да се најде информација за организациите и за доделените средства.**

За 2023 година, Општина Кичево во буџетската ставка 463 има планирано 7,8 милиони денари (127 илјади евра), што е зголемување за 14 % во однос на планираните средства за 2022 година.

Проекции на буџетската ставка 463 од Општина Кичево во 2023 година

| Конто | Планирани средства за 2023 година | Промена во однос на 2022 година |
|---|---|---|
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 3.480.000 | +1,75 % |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | 4.000.000 | +35 % |
| 463190 Останати трансфери до невладини организации | 360.000 | +45,45 % |
| Вкупно во денари | 7.840.000 | +14 % |
| Вкупно во евра | 127.480 | +14 % |

# ОПШТИНА КУМАНОВО

Општина Куманово е една од општините што ги има исплатено сите планирани средства од буџетската ставка 463 во 2022 година, во износ од 20 милиони денари (325 илјади евра).

Како што може да се види од табеларниот приказ, 90 % од средствата се доделени за спорт, и тоа со посредство на Општинскиот сојуз на спортови Куманово, којшто ги доделува средствата во името на општината, во согласност со Правилникот за начин на распределба на средства за реализација на Програмата за развој на спортот и рекреативните активности на граѓаните во Општина Куманово за 2022 година.

Според одговорот од општината, Општинскиот сојуз ги известува своите членки по телефон или на е-маил за доставување програма за активности и финансии на клубовите. **И покрај настојувањата да ја добиеме од општината листата на клубови финансирани од буџетската ставка 463, како и доделените износи, такви податоци не добивме и бевме упатени на Општинскиот сојуз на спортови Куманово како имател на информациите. Ваквиот однос на општината не оди во прилог кон зголемување на транспарентноста во трошењето на јавните пари.** Инаку, според Програмата за развој на спортот и рекреативните активности на граѓаните на Општина Куманово за 2022 година, најголеми средства се предвидени за кошаркарскиот клуб Куманово 2009, дури 5 милиони денари (81 илјади евра).

Исплатени средства од буџетската ставка 463 од Општина Кумановово 2022 година

| Конто | Исплатени средства за 2022 година |
|---|---|
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 2.000.000 |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | 18.000.000 |
| Вкупно во денари | 20.000.000 |
| Вкупно во евра | 325.203 |

Општина Куманово има објавено повик за финансиска поддршка за вршење работи од социјална заштита, на здруженија и на други правни лица кои спроведуваат активности насочени кон лицата со попреченост. Во повикот се наведени целите, вкупниот буџет и условите за пријавување. Критериумите за избор се уредени со Правилник за начинот и постапката за остварување на правото на финансиска поддршка за вршење работи од социјална заштита на здруженија и на други правни лица кои спроведуваат активности насочени кон лицата со попреченост. Правилникот предвидува дека барањата се разгледуваат од комисија формирана со решение на градоначалникот, која излегува на терен и извршува увид, за што составува записник од извршениот увид, а потоа и извештај во којшто ја утврдува исполнетоста на критериумите. По извештајот на комисијата, градоначалникот предлага одлука за распределба на финансиски средства за вршење работи од социјална заштита на здруженија и на други правни лица кои спроведуваат активности насочени кон лица со попреченост, која ја донесува Советот на општината.

Единствените две организации од Општина Куманово кои добиле финаниска поддршка по овој повик се здружението Регионален центар за лица со интелектуална попреченост „Порака Наша“, 1,2 милиони денари (19,5 илјади евра), и Здружението за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива“, 800 илјади денари (13 илјади евра). Во одговорот по барањето за пристап

до информации од јавен карактер, општината наведува дека, во согласност со договорите кои таа ги потпишала со двете здруженија, здруженијата треба на месечна основа да доставуваат наративни и финансиски извештаи, како и финален извештај по завршување на тековната 2022 година, **но извештаите не се јавно објавени.**

Што се однесува на планираните средства за буџетската ставка 463 за 2023 година, Општина Куманово има предвидено вкупно 19,5 милиони денари (317 илјади евра), што е намалување во однос на претходната година за 2,5 %. Но, притоа, значајно е да се нагласи дека е проектирано трансферите до здруженијата на граѓани и фонданции да се зголемат за 50 ,%, а трансферите до спортските клубови да се намалат за 8,3 %.

Проекции на буџетската ставка 463 од Општина Куманово во 2023 година

| Конто | Планирани средства за 2023 година | Промена во однос на 2022 година |
|---|---|---|
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 3.000.000 | +50 % |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | 16.500.000 | -9 % |
| Вкупно во денари | 19.500.000 | -2,5 % |
| Вкупно во евра | 317.073 | -2,5 % |

# ОПШТИНА НЕГОТИНО

Општина Неготино вкупно има исплатено 4,4 милиони денари, односно околу 72 илјади евра, но само 7,8 % од нив се исплатени на невладини организации, а останатите на спортски клубови.

Исплатени средства од буџетската ставка 463 од Општина Неготиново 2022 година

| Конто | Исплатени средства за 2022 година |
|---|---|
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 345.000 |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | 4.059.500 |
| Вкупно во денари | 4.404.500 |
| Вкупно во евра | 71.618 |

Општина Неготино, на својата веб-страница, има објавено еден повик за доделување финансиски средства за здруженија и фондации за 2022 година во којшто, покрај другите области, е вклучен и спортот. Повикот ја содржи висината на средствата, критериумите за пријавување, како и оние врз основа на кои ќе се евалуираат пријавите, **но не и целите на повикот (што сака општината да постигне, односно да оствари со доделувањето на финансиската поддршка), додека, пак, се наведува дека висината на грантовите е неограничена, што е нелогично.**

Општината има Правилник за определување на постапка и критериуми за доделување на финансиски средства на здруженија и на фондации од буџетот на Општина Неготино. Со правилникот се определуваат приоритетните области за поддршка, постапката за одлучување за финансирање проекти на здруженијата и на фондациите, подготовката за оглас, индикативната временска рамка, критериумите за аплицирање, за имплементација на поддржаните проекти и за набљудување на имплементацијата на поддржаните проекти.

Критериумите врз основа на кои се врши проценка на квалитетот на проектите за здруженијата и фондациите, а кои се содржани и во јавниот повик и во правилникот, се организацискиот капацитет, релевантноста на проектот со приоритетната област, целите, резултатите, активностите и пристапот на проектот, ефектите врз локалната средина, буџетот и оправданоста на трошоците. **Притоа, во услови кога не се јасно утврдени целите на поддршката, евалуацијата не може да се заснова врз јасни и мерливи параметри.**

**Општината има селективна транспарентност и на својата веб-страница ја има објавено одлуката со добитниците на финансиската поддршка, но само до износот од 200 илјади денари (3,2 илјади евра), односно листата не ги опфаќа спортските клубови, кои добиле над 90 % од парите.**

**Податоците за спортските клубови првично беа изоставени дури и од одговорот на барањето за пристап до информации од јавен карактер и нив ги обезбедивме преку дополнителна комуникација со општината.**

Според овие податоци, највисок износ е доделен на РК Вардар Неготино, во висина од 2 милиони денари (32 илјади евра). Што се однесува на организациите кои делуваат во други области, највисоки износи имаат добиено здруженијата „Порака“ и „Ековита“.

Во својот одговор, Општина Неготино наведува дека организациите кои биле финансиски поддржани имаат обврска да достават извештаи до 30 јуни наредната година.

Општина Неготино и во 2023 година предвидела половина милион денари за невладините организации. Најмногу, по 380 илјади (6,2 илјади евра) биле планирани за здруженија на граѓани и за фондации, по 20 илјади денари (325 евра) за хуманитарни организации, и 100 илјади денари (1.625 евра) за останати трансфери. Важно е да се напомене дека во овие пресметки недостасува податокот за буџетската ставка 463120, Исплати кон спортски клубови.

Проекции на буџетската ставка 463 од Општина Неготиново 2023 година

| Конто | Планирани средства за 2023 година | Промена во однос на 2022 година |
|---|---|---|
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 380.000 | 0 % |
| 463160 Трансфери до хуманитарни организации | 20.000 | 0 % |
| 463190 Останати трансфери до невладини организации | 100.000 | 0 % |
| Вкупно во денари | 500.000 | 0 % |
| Вкупно во евра | 8.130 | 0 % |

# ОПШТИНА СТРУМИЦА

Општина Струмица има исплатено преку 14 милиони денари, односно околу 230 илјади евра, но дури 79 % се доделени на спортски клубови.

Исплатени средства од буџетската ставка 463 од Општина Струмицаво 2022 година

| Конто | Исплатени средства за 2022 година |
|---|---|
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 2.236.481 |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | 11.100.000 |
| 463160 Трансфери до хуманитарни организации | 265.000 |
| 463190 Останати трансфери до невладини организации | 524.950 |
| Вкупно во денари | 14.126.431 |
| Вкупно во евра | 229.698 |

Струмица има објавено четири повици наменети за здруженија на граѓани и за фондации од областа на социјалната заштита, потоа за локален економски развој, туризам, заштита на животната средина, култура, образование, родова еднаквост, човекови права и млади, понатаму за правни лица од областа на спортот и за поддршка на тренери во спортските здруженија.

Повикот за фондации од областа на социјалната заштита, како и оној што се однесува на локалниот економски развој, туризмот, заштитата на животната средина, културата, образованието, родовата еднаквост, човековите права и на младите, по структура се идентични. Тие ги содржат предметот на јавниот повик, правото на учество, вредноста на проектите што ќе се финансираат, критериумите за учество и времетраењето на реализацијата, но ниту еден од повиците не предвидува критериуми врз основа на кои ќе се изврши изборот на предлог-проектите. **Општината има изготвено документ со правила за подготовка и аплицирање којшто ги содржи правилата, но не и конкретни критериуми врз основа на кои ќе се изврши изборот, ниту, пак, соодветно бодување. На овој начин се зголемува ризикот од субјективност во изборот и се остава можност за нееднаков третман.**

**Повиците за правни лица од областа на спортот и за поддршка на тренери во спортските здруженија не содржат ништо повеќе од основните критериуми и начинот на аплицирање.** Општината има изготвено Методологија за утврдување на критериумите за распределба на финансиски средства до спортските здруженија и до другите правни лица во областа на спортот и Методологија за утврдување на критериумите за распределба на финансиски средства на тренери во спортските клубови.

Методологијата ја содржи постапката за објавување јавен повик, постапката при одлучување за распределба на средствата, одлуката за распределба на средствата, системот на бодување, процедурата за склучување договори и извештајот за реализација.

Највисокиот износ што Општина Струмица го има исплатено од буџетската ставка 463 е исплатен на ФК Академија Пандев, во износ од 2,5 милиони денари (околу 41 илјади евра). Од организациите кои не делуваат во спортот, највисок износ е доделен на здружението на граѓани Планинарско еколошко друштво „Еделвајс“, во висина од 237,5 илјади денари (околу 4 илјади евра).

На веб-страницата на Општина Струмица не се објавени организациите кои добиле средства од буџетот на општината. Во одговорот на барањето за пристап до информации од јавен карактер, општината вели дека поддржаните организации редовно доставуваат наративни и финансиски извештаи кои се заверени во општинската архива, но тие не се достапни за јавноста. Исто така, наведуваат дека за остварените проекти здруженијата известуваат на социјалните медиуми.

Што се однесува на планираните средства во буџетската ставка 463 за 2023 година, Општина Струмица има предвидено вкупно 17,85 милиони денари денари (290 илјади евра), што е зголемување за 15 % во однос на 2022 година. Според добиените податоци од Општина Струмица, не е можно да се направи споредба на промената во предвидените средства во поединечните ставки помеѓу 2022 и 2023 година.

Проекции на буџетската ставка 463 од Општина Струмицаво 2023 година

| Конто | Планирани средства за 2023 година |
|---|---|
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 3.000.000 |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | 12.250.000 |
| 463160 Трансфери до хуманитарни организации | 300.000 |
| 463190 Останати трансфери до невладини организации | 2.300.000 |
| Вкупно во денари | 17.850.000 |
| Вкупно во евра | 290.243 |

# ОПШТИНА ТЕТОВО

Општина Тетово донела одлука за доделување финансиска поддршка на 34 организации, во вкупна вредност од речиси 3,5 милиони денари, односно 57 илјади евра, но исплатен е само еден грант во вредност од 40 илјади денари, односно 650 евра. Притоа, единствената организација која добила поддршка од буџетската линија 463 (Здружението Шарр) не била на листата на одобрени проекти.

Исплатени средства од буџетската ставка 463 од Општина Тетовово 2022 година

| Конто | Исплатени средства за 2022 година |
|---|---|
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 40.000 |
| Вкупно во денари | 40.000 |
| Вкупно во евра | 650 |

На 30.12.2021 година, Општина Тетово објавила повик за финансирање проекти од областа на културата, образованието, спортот и социјалната заштита. Покрај областите за финансирање, повикот содржи податоци за начинот на аплицирање, **но не содржи податоци за целта на повикот, предвидениот буџет, критериумите за учество, критериумите врз основа на кои ќе се изврши изборот, висината на поединечните грантови, ниту, пак, правила за известување за сработеното.**

**Во прилог на одговорот на барањето за пристап до информации од јавен катекатер, општината достави листа на 34 организации на кои им биле доделени од 15 илјади до 330 илјади денари, или вкупно 4.825.980 денари (78 илјади евра) во 2022 година. По увидот дека во завршната сметка за 2022 година како реализирани средства од буџетската ставка 463 стојат само 40 илјади денари (650 евра), дополнително ја контактиравме општината барајќи објаснување за несогласувањето на податоците, на што ни беше одговорено дека средствата од доставената листа всушност не се исплатени, а дека се исплатени само 40 илјади денари на Здружението Шарр, кое воопшто не е на доставената листа.**

За 2023 година, општината имала предвидено средства во висина од 2,46 милиони денари, што е зголемување за 48 %, кое не би значело ништо доколку, како и оваа година, најголемиот дел од планираните средства останат неисплатени.

Проекции на буџетската ставка 463 од Општина Тетовово 2023 година

| Конто | Планирани средства за 2023 година | Промена во однос на 2022 година |
|---|---|---|
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 2.000.000 | +40 % |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | 150.000 | 0 % |
| 463160 Трансфери до хуманитарни организации | 120,000 | 0 % |
| 463190 Останати трансфери до невладини организации | 190.000 | 0 % |
| Вкупно во денари | 2.460.000 | +32,5 % |
| Вкупно во евра | 40.000 | +32,5 % |

## ОПШТИНА ЧАИР

Општина Чаир има исплатено 4,14 милиони денари (67 илјади евра), од кои речиси 70 % се исплатени на спортските клубови. Во првичниот одговор по барањето за пристап до информации од јавен карактер, Општина Чаир не ги достави податоците што се однесуваат на исплатите кон спортските клубови, а коишто беа обезбедени по дополнителна комуникација.

Исплатени средства од буџетската ставка 463 од Општина Чаирво 2022 година

| Конто | Исплатени средства за 2022 година |
|---|---|
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 1.143.000 |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | 2.850.000 |
| 463190 Останати трансфери до невладини организации | 150.000 |
| Вкупно во денари | 4.143.000 |
| Вкупно во евра | 67.366 |

Општина Чаир има објавено повик за прибирање барања за користење средства од буџетот на Општина Чаир за 2022 година од Програмата за развој и унапредување на спортот и спортско-рекреативни активности. **Повикот ги содржи основните критериуми за учество и начинот на пријавување, а нема податоци за вредноста на средствата што ќе бидат доделени со повикот, висината на поединечните грантови, како и податоци за евалуацијата на пријавите.**

Како што беше наведено во одговорот на барањето за пристап до информации од јавен карактер, **општината сè уште не го усвоила правилникот за процедурата, критериумите и начинот на избор на организациите. И покрај тоа, општината има одлука со која ги распределила средствата, но останува прашањето по кои критериуми го направила тоа.**

Најголем износ, од 1,2 милиони денари (19 илјади евра), е исплатен на КК Чаир 2030, додека од организациите од останатите дејности, најголем износ е доделен на Здружението „Муза“ Скопје и на Здружението за транспарентно информирање „Оти Груп“, по 100 илјади денари (1.626 евра).

Идентична е сумата од два милиони денари (32,5 илјади евра) кои Општина Чаир предвидела да ги трансферира кон невладините организации и во 2023 година. Исти се и сумите што се предвидени по конкретните ставки, и тоа 1,3 милиони денари (21 илјади евра) за невладини организации, 300 илјади денари (околу 5 илјади евра) за спортски клубови и по 200 илјади денари (3.250 евра) за хуманитарни организации и останати трансфери.

Проекции на буџетската ставка 463 од Општина Чаир во 2023 година

| Конто | Планирани средства за 2023 година | Промена во однос на 2022 година |
|---|---|---|
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 1.300.000 | 0 % |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | 300.000 | 0 % |
| 463160 Трансфери до хуманитарни организации | 200,000 | 0 % |
| 463190 Останати трансфери до невладини организации | 200.000 | 0 % |
| Вкупно во денари | 2.000.000 | 0 % |
| Вкупно во евра | 32.520 | 0 % |

## ОПШТИНА ШТИП

Општина Штип ја има исплатено речиси целата предвидена сума од буџетската ставка 463 за 2022 година. Највисоката исплата е направена кон ФК Брегалница, во висина од 9 милиони денари (146 илјади евра). Од останатите области, највисоката исплата е кон Хуманитарното здружение „Подај рака, спаси живот“, за проектот „Чувари на животната средина“, во висина од 299.955 денари (4.877 евра).

Исплатени средства од буџетската ставка 463 од Општина Штип во 2022 година

| Конто | Исплатени средства за 2022 година |
|---|---|
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 1.439.500 |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | 13.845.000 |
| Вкупно во денари | 15.284.500 |
| Вкупно во евра | 248.528 |

Општина Штип има објавено два повици, и тоа од Програмата за еднакви можности, и за областите економија и туризам, инфраструктура, образование, култура, спорт и животна средина. **Повиците биле објавени на веб-страницата на општината, но подоцна биле отстранети.**

**Повиците содржат податоци за општите приоритетни области (економија и туризам; инфраструктура; образование, култура, спорт и животна средина), критериумите за учество, вкупниот предвиден буџет, но не содржат приоритени цели кои се очекува да се остварат,** додека, пак, критериумите за избор се уредени со Методологија за доделување на финансиска поддршка на проекти на здруженија и фондации од буџетот на Општина Штип. Во согласност со Методологијата, постои систем на бодување според којшто критериумите за оценување ги опфаќаат капацитетот на организацијата, квалитетот на проектот и буџетот.

Одлуките за избор на организациите и проектите кои се поддржани беа доставени во прилог на одговорот на барањето за пристап до информации од јавен карактер, но не се јавно објавени на веб-страницата на општината. Исто така, **ниту документите каде што се дава отчет за потрошените средства од страна на поддржаните организации не се објавени на веб-страницата на општината.**

Општина Штип за 2023 година има предвидено 15,75 милиони денари (256 илјади евра) во буџетската ставка 463, што е незначително зголемување во однос на 2022 година.

Проекции на буџетската ставка 463 од Општина Штип во 2023 година

| Конто | Планирани средства за 2023 година | Промена во однос на 2022 година |
|---|---|---|
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 2.150.000 | +4,65 % |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | 13.600.000 | 0 % |
| Вкупно во денари | 15.750.000 | +0,6 % |
| Вкупно во евра | 256.097 | +0,6 % |

# ПРЕПОРАКИ

» Од причина што дури 91 % од финансиските средства од буџетската ставка 463 се доделуваат на спортски клубови, а најголемиот дел од нив на клубови кои се регистрирани како акционерски друштва, потребно е исплатите кон овие клубови да се вршат преку друга буџетска ставка, или, пак, оваа буџетска ставка, Трансфери до невладини организации, да се преименува. Со досегашната практика се добива погрешна слика дека зруженијата на граѓани добиваат значителна сума од општините, што во реалноста воопшто не е така.

» За градење силно и независно граѓанско општество, од клучно значење е поддршката да се овозможува во транспарентна постапка и да не се остава простор за фаворизирање активности кои, наместо јавниот интерес, ги штитат тесните партиски интерси на локалните власти.

» Повиците за доделување финансиски средства за здруженија на граѓани треба да се поврзуваат со конкретни програми на општините и да упатуваат на јасно дефинирани цели, кон чие остварување треба да придонесат. Во таа насока, ќе биде корисно јасно да се дефинираат целите на буџетското финансирање од линијата 463 и да се дава предност на финансирањето проекти за остварување на тие цели, наспроти финансирањето на организациите како такви.

» Да се инсистира на поголема вклученост на невладините организации и на граѓаните во процесот на дефинирање на годишните програми на општините, односно на приоритетните области кои се од поширок интерес на граѓаните.

» Потребно е унифицирање на пристапот за доделување средства од страна на единиците на локалната самоуправа и зајакнување на транспаретноста и отчетноста во планирањето и реализацијата на средствата предвидени за финансирање на здруженија на граѓани. На овој начин ќе се обезбеди и поголема објективност во процесот на доделувањето средства и ќе се намалат ризиците од можните злоупотреби на фондовите и од ненаменско доделување средства.

» Сите повици за доделување средства од општинските буџети треба да ги содржат следните елементи: опис на програмата; видот на проектите кои ќе се финансираат; цели кои треба да се постигнат; целните групи на поддшката; основните критериуми за распределба на средствата; критериумите што треба да ги исполнат здруженијата на граѓани и фондации кои можат да се јават на повикот; временска рамка за спроведување на проектите кои ќе бидат избрани; вкупно предвидени/достапни средства; висината на достапните средства за поединечен проект; потребната документација за пријавување; методологијата на вреднување на проектите; потребната документација која треба да се достави; рок кога ќе се објават резултатите и други елементи. На овој начин ќе се избегне ризикот од фаворизирање на одредени организации и активности на граѓанското општество наспроти запоставувањето на други.

» Потребна е поголема промоција на повиците за доделување средства, со цел поголем број организации да бидат запознени со можноста за аплицирање.

» Задолжително јавно да се објавуваат имињата на организациите добитници на финансиски средства, намената на доделените средства, нивната висина, како и извештаите за спроведените активности. На овој начин, целата јавност ќе има увид во оправданоста за доделените средства и начинот на којшто се искористени.

» Организациите добитници на финансиски средства од буџетската ставка 463 да бидат задолжени да достават извештај за сработеното и тие извештаи да бидат јавно објавени на веб-страниците на општините. Без обврска за известување и без јавно објавување на извештаите се намалува довербата во граѓанските организации и нивната видливост.

» Да се настојува да се зголеми финансиската помош за здруженијата на граѓани и фондации, бидејќи со малата финансиска поддршка на здруженијата на граѓани им се оневозможува тие да ја остварат својата општествена улога и да помогнат во унапредување на работата на локалните институции.

» Иако поддршката на спортот од општинските буџети е значајна, сепак е потребно да се преиспита досегашниот пристап според којшто рекреативните спортови, развојот на спортот во млади категории, спортските манифестации и слично се ставаат во сенка на професионалните спортски клубови.

